(Анекс 1)

# Објава за тендер

| | |
|---|---|
| Набавувач: | ПроКредит Банка АД Скопје |
| Назив на тендер: | Тендер за набавка и монтажа на хидрауличен лифт во објектот “СТАРА НАМА” - Струмица |
| Број на тендер: | 05/2009 |
| e-mail: | tenders@procreditbank.com.mk |
| Факс: | (02) 321 99 01 |

Датум на објава на тендерот: 10.02.2009 година
Краен датум на доставување на понудите: 16.02.2009 година

Почитувани,

ПроКредит Банка АД Скопје ќе врши избор на најповолна компанија за набавка и монтажа на хидрауличен лифт за објектот т.н. „Стара Нама„ со локација на улица Сандо Масев КП 1223 во градот Струмица.

Имено, ПроКредит Банка АД Скопје како инвеститор ќе изврши заштита и делумна санација на објектот “СТАРА НАМА” во Струмица со површина за адаптација цца 500 м2. Како дел од објектот ќе биде подрум, приземјишен дел, 1-ви кат, галерија и поткровје. Објектот ќе биде административен објект, експозитура на ПроКредит Банка АД Скопје и е под заштита на Заводот за заштита на спомениците на културата на град Струмица како споменик на културата.

Согласно предметот потребно е да се наведе пооделна цена на секоја точка од барањето и вкупна цена изразена во денари без вклучен ДДВ користејќи ја приложената табела и со користење на предна страна на понудата – прилог број 2.

## Набавка и монтажа на хидрауличен лифт :

| РБ | Опис на предвидените работи | Тип на понудени материјали и земја на потекло | Ед. мера | Количина | Един. цена во ден. без ддв | Вкупно во ден. без ддв |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | | 3 | 4 | 5 | 6 |
| И. | **1.Градежни и технички податоци:** | | | | | |
| | - Предвиден е еден лифт за објект од деловен карактер | | | | | - |
| | - Возното окно е армирано-бетонско со потребни отвори за врати | | | | | |
| | ГРАДЕЖЕН ОТВОР на лифтовско окно 1700x1550мм | | | | | |
| | ПОГОН - хидрауличен | | | | | |



ProCredit Bank
Jane Sandanski, 109a
1000 Skopje, Macedonia
S.W.I.F.T.: PRBUMK22

Phone +389 /02/ 321 99 00
Fax +389 /02/ 321 99 01
www.procreditbank.com.mk
info@procreditbank.com.mk

General Manager
Borislav Kostadinov
Deputy General Manager
Jovanka Joleska Popovska

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | КАПАЦИТЕТ - 5 лица | | | | | |
| | НОСИВОСТ - 630-650кг. - појачана | | | | | |
| | БРЗИНА НА ВОЗЕЊЕ -1,00м/сек | | | | | |
| | ВРАТА НА КАБИНА - автоматска | | | | | |
| | ВРАТИ НА СТАНИЦИТЕ - автоматски | | | | | |
| | БРОЈ НА СТАНИЦИ -<br>- 5 ( подрум + 4 нивоа) | | | | | |
| | БРОЈ НА ВЛЕЗОВИ - 5 (пет)<br>- четири од иста и еден од спротивна страна | | | | | |
| | СИГНАЛИЗАЦИЈА - потполна сигнализација и илуминација на главната станица и во кабината, а на другите само повикувачки кутии со покажувач на насоката на движење. | | | | | |
| | ВИСИНА НА ПОДИГАЊЕ- 11,36м | | | | | |
| | КАБИНА -<br>димензии - 1100x1400мм<br>обработка на ѕидови - „инокс“<br>таван - спуштен таван<br>под - ребруван „инокс“ лим<br>светло - таванско флуоресцентно индиректно<br>врата на кабина - автоматска<br>обработка на врата - „инокс“ лим | | | | | - |
| | ***2.Технички стандарди*** | | | | | |
| | Испорачателот на лифтот и опремата мора да достави „CE“ декларација за сообразност за следнава опрема: | | | | | |
| | - фаќачкиот уред | | | | | |
| | - ограничувачот на брзина | | | | | |
| | - уредот за забавување | | | | | |
| | - одбојниците | | | | | |
| | - носечкото јаже | | | | | |
| | Испорачателот на погонската машина мора да достави „CE“ декларација за сообразност и доказ дека погонската машина не е постара од 12 месеци. | | | | | |
| | Пред монтирање на лифтот испорачателот мора да достави проектна документација која поминала ревизија од овластена институција и атести од производителот за поедините склопови. | | | | | |
| | Испорачателот на опремата мора да даде заверена изјава дека лифтот е произведен и вграден согласно ЕН 81.1 и ЕН 81.2 и важечките технички прописи и стандарди во Р.Македонија. | | | | | |
| | Испорачателот на опремата по завршување на работата мора да достави атест за функционалноста на лифтот издаден од овластена институција. | | | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Во цената на лифтот да влезат и трошоците за тековно одржување во гарантен рок во времетраење од 2 години. | | | | | |
| | **3.Останати работи** | | | | | |
| | Изведувачот на лифтот сам да обезбеди скеле. | | | | | |
| | Штемување на потребни отвори за повикувачки кутии и сл. како и крпење на евентуални настанати оштетувања. | | | | | |
| | Изведувачот на лифтот да постави катоден одводник за машинската просторија и водилките согласно прописите. | | | | | |
| | Следење на динамика на градба на објектот. | | | | | - |
| | | | | | Тотал = | 0,00 |
| | | | | | | |
| | | | | | **Тотал сите ставки без ддв** | |
| | | | | | **ДДВ** | |
| | | | | | **Тотал со ДДВ** | |

Скици од просторот може да се најдат во прилог.

**Напомена:**

**Тендерот не е делив, односно потребно е да се даде комплетна понуда согласно спецификацијата дадена во премерот.**

**Нарачателот го задржува правото на промена на горенаведените ставки или барање на дополнителни цени за работи кои ќе се јават во текот на градењето.**

Заедно со објавата од тендерот Ви ги испракаме и следните прилози кои задолжително треба да се пополнат, да се потврдат со потпис и печат од компанијата и да се достават заедно со потребната тендерска документација:

- прилог број 1 -  Скици од просторот и пресеци кои им се потребни на компаниите со цел да дадат правилна понуда
- Прилог број 2 – предна страна на понудата каде е назначено сите релевантни и битни податоци да се пополнат
- Прилог 3 – општи податоци на компанијата
- Прилог 4 - Изјава за согласност на дадените услови за тендерот
- Прилог 5 - Референтна листа за минимум 3 договори од слични проекти

**Облик и содржина на понудата:**

1. Понудата се изработува во писмен облик

Понудата што ја изготвува понудувачот, како и сите дописи поврзани со понудата се изготвуваат на македонски јазик. Придружните документи и печатената литература доставени од понудувачот што се на друг јазик, поинаков од македонскиот, задолжително треба да имаат превод на македонски јазик. Јазикот на толкување на овие документи е македонскиот јазик. Доколку дополнителните документи (каталози, сертификати и сл.) се на англиски јазик, истите не мора да се преведени и на македонски јазик. Доколку

дополнителните документи (каталози, сертификати и сл.) се на друг јазик (со исклучок на македонски или англиски) истите треба да бидат доставени во оригинал и превод на македонски јазик.

2. Понудувач може да биде домашно правно лице или група понудувачи со формална намера за влегување во договор или според постоечки договор во форма на Група понудувачи. Во случај на Група понудувачи, групата понудувачи назначува претставник кој има овластување да ги извршува сите деловни активности за и во име на која било и сите страни од Групата понудувачи во текот на тендерскиот процес и, во случај на Група понудувачи да му се додели договор, во текот на извршувањето на договорот.

3. Понудата треба да содржи:

3.1. Име, адреса и седиште на Понудувачот, броеви на телефон и факс, e-mail адреси и лица за контакт со пополнување на прилогот број 3;

3.2. Единечна цена на понудата, со посебно изразен ДДВ. Цената треба да биде изразена во денари (истата треба да биде фиксна и непроменлива се до завршување на објектот) со пополнување на прва страна-прилог број 2. Заинтересираните понудувачи треба да ја оформат понудата земајќи ги во предвид сите услови на локацијата дадени во карактерот на објектот евидентиран од Идејниот проект од прилог број 1.

Понудувачот треба да го пополни премерот со единечни цени за сите позиции пооделно, со нагласување на видот и типот на материјали кои ќе ги користи, со земја на потекло и да ги достави во заверена форма (потпис/параф и печат од понудувачот на секоја страна од понудата) до Набавувачот.

Понудувачот доколку има забелешки на дадените премер пресметки, да се изјасни по истите и да ја дополни понудата со забелешка.

За услугите и работите за кои понудувачот нема да наведе единечна цена и износ ќе се смета дека тие износи се вклучени во вкупната цена.

Ако цената на понудата е невообичаено ниска и во голема мера не е во согласност со проценетата вредност на набавката, набавувачот од понудувачот ќе побара писмено објаснување на причините за таквата цена на понудата.

Доколку понудувачот не успее да објасни на писмено кои се причините за таквата цена во рок од 7 дена од датумот на поднесување на барањето, или пак Комисијата не ги прифати неговите причини, понудата ќе биде отфрлена.

Секој понудувач може да достави по една понуда. Поднесувањето на повеќе од една понуда, без разлика дали се работи за самостојна или понуда поднесена од група понудувачи, доведува до отфрлање на сите понуди во кои тој понудувач учествува.

3.3. Начин и рок на плаќање согласно градежна книга. Авансно плаќање нарачателот не прифаќа;

3.4. Рок и начин на завршување на работите;

3.5. Гаранција за извршените работи;

3.6. Докази за квалитет за понудените работи и технички стандарди (сертификат за квалитет, технички карактеристики, технички спецификации, функционални карактеристики, естетски карактеристики, каталог на понудени производи, земја на потекло итн.);

3.7. Докази-изјава за опременост на понудувачот. Секој понудувач треба да поднесе документација со цел да ја докаже својата способност (компетентност) за реализација на проектот;

3.8. Изјава дали Понудувачот самиот ќе ги извршува набавка и монтажа на хидрауличен лифт , и доколку користи услуги од соработници задолжително да ги наведе имињата на истите;

3.9. Изјава за согласност на дадените услови за тендерот - Прилог број 4;



ProCredit Bank
Jane Sandanski, 109a
1000 Skopje, Macedonia
S.W.I.F.T.: PRBUMK22

Phone +389 /02/ 321 99 00
Fax +389 /02/ 321 99 01
www.procreditbank.com.mk
info@procreditbank.com.mk

General Manager
Borislav Kostadinov
Deputy General Manager
Jovanka Joleska Popovska

3.10. Референтна листа за минимум 3 договори од слични извршени работи со задолжитено пополнување на прилог број 5. Во референтната листа да се наведе името на нарачателот, видот на извршената работа и периодот на извршување на работата;

3.11. Препораки од барем 2, но не повеќе од 4 слични изведени работи;

3.12. Рокот на важност на понудата не треба да е помал од 60 дена од денот на отворањето на понудите.

Заинтересираните понудувачи треба да ја достават следнава задолжителна документација од документи за финансиска и економска способност:

1.Доказ за бонитет од банка или од Централниот Регистар на РМ;
2. Антикорупциска изјава потпишана и печатирана (во прилог);
3. Информација за тековна состојба на фирмата од Централниот Регистар;
4. Уверение дека со правосилна пресуда не му е изречена мерка за безбедност забрана за вршење на дејност;
5. Потврда дека не е отворена стечајна постапка;
6. Потврда дека не е отворена ликвидациона постапка;
7.Странско правно или физичко лице кое се јавува како понудувач доставува ревизорски извештај од матичното правно лице кој треба да биде издаден од реномирана странска ревизорска куќа;
8. Фото-копија од важечка лична карта за физички лица.

Документите се доставуваат во оригинал или копија со датум на издавање кој не треба да биде постар од 6 (шест) месеци.

**Критериуми за оценување** (бодување) што ќе се применуваат при донесување на одлука по тендер се следните:

- цена на чинење со попусти............................................60 бодови
- рок на завршување на работите....................................15 бодови
- референтна листа и препораки.....................................10 бодови
- гаранција на изведените работи................................ ...10 бодови
- соработка со банката......................................................05 бодови

Одбраните добавувачи се обврзани да отворат сметка во ПроКредит Банка АД Скопје.

Техничката способност на понудувачот ќе се одреди врз основа на доставените податоци од Прилозите 3 до 5.

Критериумите за оценка на компетентноста на понудувачот се прикажани во следната табела:

| Критериум | Вредност | Оценка задоволува / не задоволува |
|---|---|---|
| Главна дејност на понудувачот | Главната дејност на понудувачот да биде од областа на набавките | |
| Искуство | Понудувачот да има една година искуство во предметната област на работи | |

| | | |
|---|---|---|
| Број на вработени | Најмалку 4, според бонитетот, или со приложување обрасци М1-М2 | |
| Минимален годишен обрт за последните 3 години | Минималниот годишен обрт во да е поголем од 1.000.000 МКД на годишно ниво | |
| Договори од слична природа | Најмалку 2 договори | |
| Финансиски бонитет | Оценката на бонитетот од Централниот регистер на Република Македонија да биде позитивна | |

За „способен“ се смета оној кандидат кој за сите горенаведени критериуми е оценет со „задоволува“ за сите критериуми на техничка способност.

НАПОМЕНА: **Понудите од понудувачите кои што нема да бидат оценети како „способни“ нема да се земат предвид при натамошната евалуација.**

Со добавувачите кои ќе бидат одбрани на Тендерот ќе се потпишат договори за соработка по завршената постапка за набавка.

Понудите треба да се испратат во затворено плико, со ознака “Не отварај” и „За тендер“ најдоцна до крајниот датум за доставување на понудите на долунаведената адреса:

**Бул. Јане Сандански 109а, Скопје**
со назнака за **Тендер за набавка и монтажа на хидрауличен лифт на објектот “СТАРА НАМА” – Струмица бр.05/2009.**

Понудите кои се примени преку e-mail или по факс, понуди примени по истекот на крајниот рок, понуди добиени и адресирани до вработени на ПроКредит Банка не се сметаат за валидни при одлучување за тендерот.
Пликотото не смее да содржи никаква ознака со која би можел да се идентификува испраќачот.

Доколку по барање на Набавувачот ПроКредит Банка, Понудувачот треба да изработи модел на предметот кој се набавува, изработката и доставувањето до просториите на Банката е на трошок на Понудувачот и моделот останува во сопственост на Понудувачот. ПроКредит Банка не е должна на Понудувачот да му ги надомести трошоците за изработка ниту пак било кои други трошоци настанати во врска со изработката на моделот и не е должна да го откупи истиот.